# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА КУМАНОВО

| | | |
|---|---|---|
| „Службен гласник на Општина Куманово" Излегува по потреба-Издавач: Општина Куманово-Тел. 423-505 - Одговорен уредник Марија Крстевска | Година LXII Број 10 Куманово 31 јули 2018 год. | Претплата за 2018 година изнесува 2.000 денари. трезорска с-ка 100-0000000630-95 с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18 приходна шифра 725939 |


455.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за формирање на Совет за заштита на потрошувачите во Општина Куманово**

1. Се објавува Одлуката за формирање на Совет за заштита на потрошувачите во Општина Куманово, Бр. 09-4416/9, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 27 јули 2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-5022/1
30 јули 2018 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски,с.р.**

456.

Врз основа на член 56 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 59, 60 и 61 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 27 јули 2018 година, донесе

**Одлука**
**за формирање на Совет за заштита на потрошувачите во Општина Куманово**

Член 1

Се формира Совет за заштита на потрошувачите во Општина Куманово.

Член 2

За членови на Советот за заштита на потрошувачите, од редот на правните лица, се избираат:

- ДПТУ „МИ-МАР“ ДООЕЛ Куманово
- ДПТУ „АДУТ ГВН“ ДООЕЛ с. Тромеѓа, Куманово
- „КОННЕКТ 2016“ ДООЕЛ Куманово

За членови на Советот за заштита на потрошувачите, од редот на физичките лица, се избираат:

- Тодор Тасев
- Милорад Илиевски
- Емин Ибраими
- Нинослав Јакимовски

Член 3

Советот за заштита на потрошувачите од редот на своите членови избира претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Член 4

Советот работи на седници.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на Советот.

Советот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови на Советот.

Советот одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

На седниците на Советот може да присуствуваат и учествуваат во работата: градоначалникот на Општината, претседателот и членовите на Советот на Општината, претставници на општинската администрација и јавните служби, без право на одлучување.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 4416/9
27 јули 2018 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

**457.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за отпочнување на постапка за изнајмување на деловен простор под закуп за потребите на Општина Куманово**

1. Се објавува Одлуката за отпочнување на постапка за изнајмување на деловен простор под закуп за потребите на Општина Куманово, Бр. 09-4416/12, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 27 јули 2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-5025/1 Градоначалник
30 јули 2018 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски,с.р.**

458.

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07 и 8/15) Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 27 јули 2018 година, донесе

**Одлука**
**за отпочнување на постапка за изнајмување на деловен простор под закуп за потребите на Општина Куманово**

Член 1

Со оваа Одлука се задолжува општинската администрација на Општина Куманово да отпочне и спроведе постапка за изнајмување на деловен простор под закуп за потребите на Општина Куманово.

Член 2

Изнајмувањето на деловниот простор под закуп за потребите на Општина Куманово да биде за период од најмалку 2 години со право на првенство при истек на договорот за закуп, со површина од 250 м2 до 300 м2, опремена комплетно со канцелариски инвентар и постоење на функционално затоплување и климатизација, кој што се наоѓа на територија на Општина Куманово, со оддалеченост најмногу 300 метри од седиштето на Општина Куманово, ул. „11 Октомври" 6б.

Член 3

Критериум за избор на најповолен понудувач ќе биде најниската понудена цена на месечна закупнина по метар квадратен без ДДВ. Доколку двајца или повеќе понудувачи имаат понудено идентична цена, предимство ќе има прво поднесената понуда.

Член 4

Постапката за изнајмување на деловен простор под закуп за потребите на Општина Куманово ќе ја спроведе Комисија составена од 3 члена од редот на општинската администрација, формирана со решение на Градоначалникот на Општина Куманово.

Член 5

Се задолжува Комисијата од членот 4 на оваа Одлука, да објави Оглас за прибирање на понуди за изнајмување на деловен простор под закуп за потребите на Општина Куманово во три дневни весници, од кои во два дневни весници кои се издаваат на македонски јазик и еден дневен весник кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, и во истиот да ги прецизира роковите, општите услови, начинот и постапката за избор на најповолен понудувач.

Член 6

Се задолжува и овластува Комисијата од членот 4 на оваа Одлука да изготви ранг – листа од три најповолни понудувачи согласно оваа Одлука и условите наведени во огласот и истите да ги предложи на Градоначалникот на Општина Куманово за избор на најповолната понуда за изнајмување на деловен простор под закуп за потребите на Општина Куманово.

Изборот на најповолен понудувач може да се изврши и во случајот да е поднесена само една квалификувана понуда.

Член 7

Се овластува Градоначалникот на Општина Куманово, по целосно спроведената постапка од страна на Комисијата од членот 4 на оваа Одлука да изврши избор на најповолна понуда за изнајмување на деловен простор под закуп за потребите на Општина Куманово и да го потпише договорот за закуп на деловниот простор.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 4416/12 Совет на Општина Куманово
27 јули 2018 година Претседател,
Куманово **Атина Мургашанска, с.р.**

459.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Решение за именување на членови на Управен одбор на Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови „КУМАНОВО - ПЛАН“ Куманово**

1. Се објавува Решението за именување на членови на Управен одбор на Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови „КУМАНОВО - ПЛАН“ Куманово, Бр. 09-4416/10,

што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 27 јули 2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-5023/1
30 јули 2018 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски,с.р.**

460.

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), член 25 став 1 точка 26 и член 71 став 2 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 27 јули 2018 година, донесе

**Решение**
**за именување на членови на Управен одбор на Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови „КУМАНОВО - ПЛАН" Куманово**

1. За членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови „КУМАНОВО - ПЛАН" Куманово, се именуваат:

   - Александар Владевски
   - Бранко Бојковски
   - Марио Доневски
   - Олгица Вељковиќ
   - Бетим Азири

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 4416/10
27 јули 2018 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

461.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Решение за именување на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови „КУМАНОВО - ПЛАН" Куманово**

1. Се објавува Решението за именување на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови „КУМАНОВО - ПЛАН" Куманово, Бр. 09-4416/11, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 27 јули 2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-5024/1
30 јули 2018 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски,с.р.**

462.

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), член 25 став 1 точка 26 и член 71 став 2 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 27 јули 2018 година, донесе

**Решение**
**за именување на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови „КУМАНОВО - ПЛАН" Куманово**

1.За членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови „КУМАНОВО - ПЛАН" Куманово, се именуваат:

- Маја Петковска
- Драган Митевски
- Бурханедин Џемаили
- Наташа Тасева
- Мевљан Џемаили

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 09 – 4416/11 Совет на Општина Куманово
27 јули 2018 година Претседател,
Куманово **Атина Мургашанска, с.р.**

463.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Акцискиот план за заштита и спречување на дискриминација на Општина Куманово**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Акцискиот план за заштита и спречување на дискриминација на Општина Куманово, Бр. 09-4416/13, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 27 јули 2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-5026/1 Градоначалник
31 јули 2018 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски,с.р.**

464.

Врз основа на член 66 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 27 јули 2018 година, донесе

**Заклучок**
**за усвојување на Акциски план за заштита и спречување на дискриминација на Општина Куманово**

1. Се усвојува Акцискиот план за заштита и спречување на дискриминација на Општина Куманово.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 4416/13 Совет на Општина Куманово

27 јули 2018 година Претседател,
Куманово **Атина Мургашанска, с.р.**

465.

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 91, став 11 и 92-а, став 1 од Законот за средно образование (,,Службен весник на Р.М., Бр. Бр.103/08, 48/09, 82/09, 88/09, 33/10. 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Решение**

**за објавување на јавен оглас за избор на директор на**

**Средно Општинско Училиште Гимназија „Гоце Делчев“ - Куманово**

1. Училишниот одбор на Средно Општинско Училиште Гимназија „Гоце Делчев“ - Куманово, да објави јавен оглас за избор на директор на ова училиште;
2. Во објавениот оглас да се утврдат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор на средно училиште, потребната документација, времето на траењето на огласот и рокот во кој ќе се изврши изборот.
3. Јавниот оглас да се објави во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.
4. По објавувањето на јавниот оглас од ова Решение, Градоначалникот на Општина Куманово писмено да биде известен за објавениот јавен оглас.
5. Решението стапува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. УП1 08-9058 Градоначалник 10 јули
2018 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски,с.р.**

466.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 132 став 1, член 135 став 4 од Законот за основно образование („Службен весник на Р.М.“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), и Предлог на кандидат за директор на ООУ„Крсте Мисирков“ Куманово Бр.02-245/8 од 23.07.2018 год. наш бр.08-УП1-8937 од 24.07.2018 година, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Решение**

**за констатирање на престанок на мандат на вршител на должност -директор на Општинско Основно Училиште „Крсте Мисирков“ - Куманово**

1. Мандатот на вршител на должност – директор на Општинско Основно Училиште „Крсте Мисирков“ - Куманово, **Лидија Николовска**, престанува поради избор на директор на ова училиште;
2. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Куманово, Бр.08-УП1-3575 од 15.02.2018 година;
3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Куманово“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово, Бр.08-УП1-3575 од 15.02.2018 година, **Лидија Николовска** беше избрана за вршител на должност– директор на ООУ „Крсте Мисирков“ – Куманово, со мандат до 6 месеци.

Согласно горенаведеното, како и одредбите од Законот за основно образование за периодот на траењето на мандатот на В.Д. -директор на основно училиште и за надлежностите на Градоначалник на Општина, како и завршената постапка по јавен оглас за избор на директор на ООУ„Крсте Мисирков“ Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство**: На ова Решение е дозволена жалба во рок од 8 дена од добивањето до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр. 08-УП1-9417 Градоначалник
30 јули 2018 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски,с.р.**

467.

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М., Бр.05/02) член 132 став 1 и 14 од Законот за основното образование (,,Службен весник на Р.М., бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17) и Предлог на кандидат за директор на ООУ„Крсте Мисирков“ Куманово Бр.02-245/8 од 23.07.2018 год. наш бр.08-УП1-8937 од 24.07.2018 година, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Решение**

**за избор на директор на Општинско Основно Училиште ,,Крсте Мисирков“ - Куманово**

1. **СЕ ИЗБИРА Александар Јовановиќ** за директор на Општинско Основно Училиште ,,Крсте Мисирков“ - Куманово;
2. Мандатот на директор од точка 1 на ова Решение, трае четири години;
3. Решението стапува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Куманово“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

По Решение на Градоначалникот на Општина Куманово Бр.08-УП1-8937 од 04.07.2018 година, Училишниот Одбор на ООУ„Крсте Мисирков“ – Куманово, објави јавен

оглас за избор на директор на ова училиште. По спроведена претходна постапка согласно член 132 од Законот за основно образование, Училишниот Одбор на ООУ„Крсте Мисирков" – Куманово до Градоначалникот на Општина Куманово достави предлог на еден кандидат за избор на директор на ООУ„Крсте Мисирков" Куманово (Бр.02-245/8 од 23.07.2018 година, заведен во деловодниот протокол на Општина Куманово под бр.08-УП1-8937 од 24.07.2018 година), и тоа за Александар Јовановиќ, кој е единствениот пријавен кандидат на огласот. Констатирајќи дека претходната постапка е водена согласно закон, како и утврдувајќи дека предложениот кандидат ги исполнува условите за директор на општинско основно училиште, Градоначалникот на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Упатство за правно средство**: На ова Решение е дозволена жалба во рок од 15 дена од добивањето до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр. 08-УП1-8937 Градоначалник

30 јули 2018 година на Општина Куманово,

Куманово **Максим Димитриевски,с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

455.Заклучок за објавување на Одлука за формирање на Совет за заштита на потрошувачите во Општина Куманово.......................... 431

456. Одлука за формирање на Совет за заштита на потрошувачите во Општина Куманово........................................ 431

457.Заклучок за објавување на Одлука за отпочнување на постапка за изнајмување на деловен простор под закуп за потребите на Општина Куманово.. 432

458.Одлука за отпочнување на постапка за изнајмување на деловен простор под закуп за потребите на Општина Куманово.. 433

459.Заклучок за објавување на Решение за именување на членови на Управен одбор на Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови „КУМАНОВО - ПЛАН“ Куманово.... 434

460. Решение за именување на членови на Управен одбор на Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови „КУМАНОВО - ПЛАН“ Куманово.... 434

461. Заклучок за објавување на Решение за именување на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови „КУМАНОВО - ПЛАН“ Куманово.... 435

462. Решение за именување на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови „КУМАНОВО - ПЛАН“ Куманово.............................. 435

463.Заклучок за објавување на Заклучокот за усвојување на Акцискиот план за заштита и спречување на дискриминација на Општина Куманово.............................. 436

464. Заклучок за усвојување на Акциски план за заштита и спречување на дискриминација на Општина Куманово.............................. 436

465. Решение за објавување на јавен оглас за избор на директор на Средно Општинско Училиште Гимназија „Гоце Делчев“ – Куманово ............................................................ 437

466.Решение за констатирање на престанок на мандат на вршител на должност –директор на Општинско Основно Училиште „Крсте Мисирков“ - Куманово ……………………..................... 437

467.Решение за избор на директор на Општинско Основно Училиште ,,Крсте Мисирков“ - Куманово................................................ 438